РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISE SE VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
AGJENCIA PER SHERBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE
Број: / Numer: 02-702/6
02.03.2026 година / viti
СКОПЈЕ - SHKUP

# ЗАПИСНИК
## од 8. седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги одржана на 26.2.2026 година

**Присутни членови на Советот на Агенцијата:** м-р Сашо Стефановски, м-р Зирјета Јаjага, Афрона Врзиволи, м-р Гордана Мајнова, Цветанка Миновска и Виктор Павловски.

**Отсутни членови на Советот на Агенцијата:** Петар Џуровски (годишен одмор).

На седницата беше присутен д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

**Присутни вработени од Стручната служба:** м-р Драгица Љубевска, Цветанка Митревска, Горан Радуновиќ, Маја Дамевска, д-р Ивана Стојановска, Весна Симоновска, Ивана Никиќ.

**Други присутни: /**

Претседателот на Советот, м-р Сашо Стефановски, ја отвори 8. седница на Советот. Седницата почна во 11:00 часот и се одржа во просториите на Агенцијата, конференциска сала, втори кат.

Советот на Агенцијата едногласно го усвои следниот:

## ДНЕВЕН РЕД

1. Усвојување Предлог-записник од прво продолжение на 6 седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 18.2.2026 година.
2. Усвојување Предлог-записник од 3 Јавна седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 18.2.2026 година.
3. Усвојување Предлог-записник од 7 седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 18.2.2026 година.
4. Извештај за Годишна сметка на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2025 година со Предлог-одлука за усвојување на годишната сметка.
5. Предлог-одлука за продолжување на дозволата за телевизиско емитување на Трговското радиодифузно друштво Топ Естрада ДООЕЛ Тетово.
6. Предлог за покренување на постапка за одземање на дозвола за телевизиско емитување.
7. Информација за плаќање годишна членарина за ЕПРА за 2026 година.

8. Разно.

**Точка 1**

Советот го разгледа и со 5 гласа „за“ и еден глас „воздржан“ од Афрона Врзиволи го усвои предложениот Записник од првото продолжение на 6. седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржано на 18.2.2026 година, со текст како што беше предложен.

**Точка 2**

Советот го разгледа и со 5 гласа „за“ и еден глас „воздржан“ од Афрона Врзиволи го усвои предложениот Записник од третата Јавна седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 18.2.2026 година, со текст како што беше предложен.

**Точка 3**

Советот го разгледа и со 5 гласа „за“ и еден глас „воздржан“ од Афрона Врзиволи го усвои предложениот Записник од 7. седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 18.2.2026 година, со текст како што беше предложен.

**Точка 4**

Директорот на Агенцијата, д-р Зоран Трајчевски, го образложи Извештајот за Годишната сметка на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2025 година. Појасни дека, согласно Законот за сметководство за непрофитни организации, Агенцијата е должна годишната сметка за 2025 година, да ја достави најдоцна до 28 февруари во тековната година. Наведе дека вкупно остварените приходи во 2025 година изнесуваат 141.336.000,00 денари. Најголем дел од овие приходи, односно 74.117.431,00 денари (52,44%), се средства за финансирање на радиодифузната дејност од Буџетот на РСМ. Уплатените средства се за 5.000.000,00 денари, помалку од законски предвидените средства наменети за финансирање на Агенцијата. Потоа приходи од Буџетот за изборните активности кои се одвиваа во 2025-та година (локални избори) во износ од 7.581.728,00 денари. Од дозволите за вршење радиодифузна дејност се остварени вкупни приходи од 47.495.388,00 денари, а од надзорот за реемитување на програмски сервиси и аудиовиуелни медиумски услуги по барање се остварени приходи од 10.751.766,00 денари. Останатите приходи се остварени од транзитни фактури во износ од 1.072.760,00 денари, средства добиени од Министерството за спорт и од Претпријатието за стопанисување со станбен и деловен простор, тековно одржување и групни јавни набавки за одржување на објектот во кој што е сместена Агенцијата и други приходи во износ од 316.927,00 денари. Вкупните реализираните расходи во 2025-та година изнесуваат 146.963.388,00 денари. Од ова следува дека е остварен негативен финансиски резултат од 5.627.368,00 денари.

Најголеми расходи се за исплата на бруто плати на вработените во износ од 91.679.888,00 денари (62,38%) од вкупните расходи. Други поголеми расходи се однесуваат за сервисирање и одржување на средствата на Агенцијата во износ од 9.922.566,00 денари, расходи за ангажирање на надворешни соработници преку Агенција за привремени вработувања, за ангажирање на биро за преведување, за одржување на хигиената во деловните простории износ од 10.598.600,00 денари, надоместоци за членовите на Советот на Агенцијата за првите 6 месеци во износ од 6.059.098,00 денари, расходи за потрошена електрична и топлинска енергија во износ од 3.391.995,00 денари. Вкупните побарувања на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги според годишната сметка за 2025-та година изнесуваат 1.925.823,00 денари и во најголем дел се однесуваат на фактури во претходните години. Вкупните обврски кон доверителите изнесуваат 1.128.058,00 денари и се однесуваат на недоспеани обврски исплатени во јануари 2026-та година. Сметководствената вредност на основните средства во Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на крајот на 2025-та година изнесува 299.451.458,00,00 денари. Во 2026 година се пренесени средства во износ од 129.153.508,00 денари.

Во дискусијата, советничката Цветанка Миновска побара појаснување во врска со средствата предвидени за приватно здравствено осигурување во 2025 година, кои не биле реализирани, и дали средствата ќе бидат пренесени во 2026 година.

Директорот Трајчевски појасни дека средствата биле планирани во Финансискиот план на Агенцијата за 2025 година и биле опфатени во Планот за јавни набавки за истата година. Со оглед на тоа што не биле реализирани, средствата се пренесуваат во Финансискиот план за 2026 година, но во Планот за јавни набавки за 2026 година не се предвидени, бидејќи вработените не пројавиле интерес за користење на приватно здравствено осигурување.

Советничката Миновска постави прашање и за реализацијата на проектот за енергетска ефикасност, финансиран со донација на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за ЈЗУ „13 Ноември" Скопје, и дали од донацијата има конкретни придобивки.

Директорот Трајчевски информираше дека Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги двапати се обратила до институцијата со писмен допис, при што добиениот одговор бил дека проектот сè уште не е реализиран. Воедно, тој предложи да се одржи состанок со членовите на Советот на кој подетално би се разгледала оваа тема.

Советничката Зирјета Јајага побара подетално образложение во врска со нецелосната исплата на законски утврдените средства во износ од 5 милиони денари и праша дали ваквата состојба може да претставува системски ризик за стабилното финансирање и институционалната независност на регулаторното тело. Таа истакна дека Советот има обврска ова прашање да го нотира не само како констатација на фактичката состојба, туку и како потенцијален ризик кој не смее да стане пракса во иднина. Во таа насока, праша дали е потребно да се упати интерно предупредување до Министерството за финансии со цел да се укаже на значењето на целосното и навремено обезбедување на законски предвидените средства.

Директорот Трајчевски појасни дека Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги двапати се обратила со официјален допис до Министерство за

финансии, но без повратен одговор. Тој посочи дека ваков случај на неисплаќање на законски предвидени средства се случувал и во претходните години. Во координација со адвокатска канцеларија, Агенцијата најверојатно повторно ќе се обрати до Министерството со допис и предупредување пред поднесување тужба. Доколку не се преземат активности од страна на Министерството, Агенцијата ќе биде принудена средствата во износ од 5 милиони денари да ги побарува по судски пат. Доколку дојде до таа фаза и не се изврши исплата на средствата од страна на Министерството, Советот на Агенцијата ќе биде навремено информиран и ќе донесе соодветна одлука за понатамошните чекори.

Советничката Јајага праша доколку не бидат исплатени средствата во износ од 5 милиони денари, во колкава мера тоа го доведува во ризик функционирањето на регулаторното тело и независноста на институцијата.

Директорот Трајчевски појасни дека токму неисплатените 5 милиони денари се причината поради која Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги покажала негативен финансиски резултат. Тој додаде дека во Буџетот на државата за 2026 година се предвидени помалку средства за целокупната дејност, вклучително и за Агенцијата. Во овој момент, од Министерство за финансии за првите два месеци од 2026 година биле исплатени средствата во износ што одговара на предвиденото за 2026 година. Сепак, доколку продолжи практиката на неисплаќање, а не се изврши ребаланс на Буџетот, износот на долгот ќе се зголемува, па се очекува на крајот на 2026 година повторно да ѝ се должат најмалку 5 милиони денари на Агенцијата, а можеби и повеќе. Според него, ваквата состојба претставува сериозна закана и за Агенцијата и за јавниот сервис. Тој нагласи дека, освен можноста средствата да се побаруваат по судски пат, институцијата нема други механизми за дејствување.

Советничката Афрона Врзиволи побара појаснување во однос на расходната ставка за наемнина за градежни објекти, односно за што конкретно се наменети овие средства.

Раководителот на Секторот за финансии и логистика, Горан Радуновиќ, објасни дека наемнината се однесува за осум локации во различни градови во државата, каде што Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги има поставено опрема за мониторинг. Средствата се наменети за закуп на објектите или просторот каде што е сместена таа опрема.

Советот на Агенцијата го разгледа и прифати Извештајот за годишна сметка на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2025 година бр.05-709/1 од 23.2.2026 година и едногласно донесе Одлука за усвојување на Годишната сметка на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2025 година.

Согласно член 19 од Законот за сметководството за непрофитните организации, Годишната сметка се доставува до Управата за јавни приходи и до Регистарот на годишни сметки при Централниот регистар до крајот на месец февруари наредната година.

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведената одлука да ја објави на веб страницата на Агенцијата.

**Точка 5**

Директорот Трајчевски ја образложи предложената Одлука за продолжување на дозволата за телевизиско емитување на Трговското радиодифузно друштво Топ Естрада ДООЕЛ Тетово. Тој појасни дека, согласно Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, радиодифузерот навремено поднел барање за продолжување на дозволата за период од наредни девет години. Согласно одредбите од законот, се утврдува дека се исполнети условите за продолжување на дозволата, односно кај овој радиодифузер во претходниот период не биле констатирани прекршувања или забрани кои би претставувале законска пречка за продолжување. Поради тоа, до Советот се предлага донесување одлука за продолжување на дозволата за телевизиско емитување.

Советот на Агенцијата едногласно донесе Одлука за продолжување на дозволата за телевизиско емитување на Трговското радиодифузно друштво Топ Естрада ДООЕЛ Тетово, УП1 бр.08-182 од 29.3.2017 година, со текст како што беше предложена, за време од 9 (девет) години, за период од 8.3.2026 година до 7.3.2035 година.

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведената Одлука да ја објави во „Службен весник на РСМ“ и на веб страницата на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Одлуката за продолжување на дозволата за телевизиско емитување на Трговското радиодифузно друштво Топ Естрада ДООЕЛ Тетово, да се достави до радиодифузерот.

**Точка 6**

Директорот Трајчевски го образложи Предлогот за покренување на постапка за одземање на дозвола за телевизиско емитување, на Трговското радио дифузно друштво Телевизија Кочани-ЛД ДООЕЛ Кочани. Тој појасни дека на радиодифузерот, на 12 јануари оваа година му била издадена фактура за годишен надоместок за телевизиско емитување во износ од 127.146,00 денари. Во законски утврдениот рок од 30 дена, надоместокот не бил платен. Поради непочитување на законската обврска, се предлага да се започне постапка за одземање на дозволата за телевизиско емитување.

Советот на Агенцијата едногласно покрена постапка за одземање на дозволата за телевизиско емитување на Трговското радио дифузно друштво Телевизија Кочани-ЛД ДООЕЛ Кочани, УП1 бр.08-44 од 7.9.2023 година, поради неисполнување на обврската од член 80 став 5 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, односно не го платил годишниот надоместок за дозволата за телевизиско емитување на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги според доставената ф-ра бр.2026-100-0014 од 12.1.2026 година.

Доколку горенаведениот радиодифузер не го плати годишниот надоместок за дозволата за телевизиско емитување, Советот на Агенцијата во рок од 15 дена од денот на приемот на Предлогот за покренување постапка за одземање на дозволата, ќе донесе Одлука за одземање на дозволата за телевизиско емитување на Трговското радио дифузно друштво Телевизија Кочани-ЛД ДООЕЛ Кочани, УП1 бр.08-44 од 7.9.2023 година, поради прекршување на член 80 став 5 од ЗААВМУ.

Точка 7

Директорот Трајчевски ја образложи Информацијата за плаќање на годишната членарина за 2026 година кон Европска платформа на регулаторни тела (ЕПРА). Тој истакна дека Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги е членка на оваа значајна меѓународна платформа, која овозможува соработка, размена на искуства и добри практики меѓу регулаторните тела во областа на медиумите. Годишната членарина за 2026 година изнесува 4.182 евра, што претставува зголемување од 82 евра во однос на претходната година. Со оглед на тоа што станува збор за финансиска обврска на Агенцијата, потребно е Советот да биде информиран и да даде согласност за исплата на членарината кон оваа меѓународна организација.

Советот на Агенцијата едногласно ја прифати Информацијата за плаќање годишна членарина за ЕПРА за 2026 година, бр.05-246/2 од 24.2.2026 година.

Секторот за финансии и логистика да ги уплати средствата во висина од 4.182 евра, за годишна членарина на Агенцијата на Европската платформа за регулаторни тела - ЕПРА за 2026 година, најдоцна до 12.3.2026 година.

**Точка 8**

**Разно**

Немаше дискусија под „Разно“.

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**претседател на Советот,**

**м-р Сашо Стефановски**